ОПШТИНА КИЧЕВО
www.kicevo.gov.mk
kercova2013@yahoo.com

KOMUNA E KËRÇOVËS
www.kercova.gov.mk
kercova2013@yahoo.com

Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ОПШТИНА КИЧЕВО
R. E MAQEDONISË SË VERIUT - KOMUNA E KËRÇOVËS

Бр.: / Nr.: 03-1313/1

17.04 2025 год. / viti
КИЧЕВО - KËRÇOVË

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 39 од Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), членовите 55 и 56 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 275/19), Градоначалникот на Општина Кичево на ден __________ донесе:

**П Р А В И Л Н И К**

**за постапување со подароци, погодности и гостопримство во Општина Кичево**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на постапување со подароци, погодности и гостопримство во Општина Кичево.

**Член 2**

Термините во овој Правилник имаат следното значење:

- „**Подарок** "— материјално или нематеријално добро или придобивка со вредност, понудено или примено од службено лице во рамките на службените должности. Подарокот може да биде недвижен

Në bazë të nenit 50, paragrafi 1, pika 16 të Ligjit për vetëqeverisjen lokale ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.5/02), neni 39 i Ligjit për të punësuarit në sektorin publik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 dhe 198/18, dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 143/19 dhe 14/20), nenet 55 dhe 56 të Ligjit për përdorimin dhe administrimin e pasurisë shtetërore dhe komunale ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.101/19 dhe 275/19), Kryetari i Komunës së Kërçovës më datën __________ miratoi:

**R R E G U L L O R E**

**për procedurat me dhurata, përfitime dhe mikpritje në Komunën e Kërçovës**

**Neni 1**

Kjo rregullore rregullon mënyrën e trajtimit të dhuratave, përfitimeve dhe mikpritjes në Komunën e Kërçovës.

**Neni 2**

Termet në këtë rregullore kanë kuptimet e mëposhtme:

- **"Dhuratë"** – pasuri materiale ose jo-materiale ose përfitim me vlerë, i ofruar ose i pranuar nga një zyrtar në kuadër të detyrave zyrtare. Dhurata mund të jetë pronë e palëvizshme ose e lëvizshme, heqje dorë nga e drejtë, fshirje ose marrje

или движен имот, отстапување на право, отпис или преземање на долг без надомест или со несоодветен надомест. Примери: добра за широка потрошувачка, промотивни материјали, книги, сувенири, уметнички слики, ваучери, пари, попусти на стоки и услуги.

- „**Погодност** "— повластен третман, привилегиран пристап, услуги или други нематеријални предности (лични услуги, понуди за работа, покани на спортски и забавни настани со лична корист).
- „**Гостопримство** "— нудење и прифаќање на покани за приеми, учества и патувања. Примери: деловни и официјални настани, патувања, сместување, конференции, деловни ручеци и слични услуги.

borxhi pa kompensim ose me kompensim joadekuat. Shembuj: mallra për konsum masiv, materiale promovuese, libra, suvenire, piktura artistike, vauçerë, para, zbritje për mallra dhe shërbime.

- **"Përfitim"** – trajtim i privilegjuar, qasje e privilegjuar, shërbime ose avantazhe të tjera jo-materiale (shërbime personale, oferta pune, ftesa për ngjarje sportive dhe argëtuese me përfitim personal).
- **"Mikpritje"** – ofrimi dhe pranimi i ftesave për pritje, pjesëmarrje dhe udhëtime. Shembuj: ngjarje zyrtare, udhëtime, akomodime, konferenca, drekë zyrtare dhe shërbime të ngjashme.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Кичево, Претседателот на Советот, Секретарот и овластените административни службеници можат да даваат подароци во прилики кога тоа е вообичаено (на претставници на странски држави, меѓународни организации, домашни државни и локални органи и институции) во знак на соработка, благодарност или почит.

**Neni 3**

Kryetari i Komunës së Kërçovës, Kryetari i Këshillit, Sekretari dhe zyrtarët e autorizuar administrativë mund të japin dhurata në raste kur kjo është e zakonshme (për përfaqësues të shteteve të huaja, organizata ndërkombëtare, organe dhe institucione shtetërore dhe lokale) si shenjë bashkëpunimi, mirënjohjeje ose nderimi.

**Член 4**

Овие лица не смеат да ја користат функцијата за лична или туѓа корист, ниту да бараат или примаат подароци за вршење на службата.

**Neni 4**

Këta persona nuk duhet të përdorin pozitën për përfitime personale ose të palëve të treta, as të kërkojnë ose pranojnë dhurata për kryerjen e detyrave zyrtare.

**Член 5**

Подароци што се даваат во име на Општина Кичево мора да бидат од домашно производство и со вредност до 100 евра во денарска противвредност,

**Neni 5**

Dhuratat që jepen në emër të Komunës së Kërçovës duhet të jenë të prodhimit vendor dhe me vlerë deri në 100 euro në kundërvlerë të denarit, sipas kursit

според среден курс на НБРСМ на денот на набавка.
Не се дозволува давање предмети со културно, историско или археолошко значење за државата, заштитени со закон.

mesatar të BPRMV në ditën e blerjes.
Nuk lejohet dhënia e objekteve me rëndësi kulturore, historike ose arkeologjike për shtetin, të mbrojtura me ligj.

**Член 6**

Подароци што ги примаат овластените лица стануваат сопственост на Општина Кичево, освен ако според закон стануваат личен дар.
Општината е должна да обезбеди проценка на подароците преку овластени проценители, а вредноста се евидентира како сметководствена вредност.

**Neni 6**

Dhuratat e pranuara nga zyrtarët e autorizuar bëhen pronë e Komunës së Kërçovës, përveç rasteve kur sipas ligjit bëhen dhuratë personale. Komuna duhet të sigurojë vlerësimin e dhuratave përmes vlerësuesve të autorizuar dhe vlera regjistrohet si vlerë kontabël.

**Член 7**

За подароци примени од стручни и административни службеници важи Уредбата за начинот на располагање со примени подароци, управување со евиденција и други прашања поврзани со подароци („Службен весник на Република Македонија" бр. 153/14).

**Neni 7**

Për dhuratat e pranuara nga zyrtarët teknikë dhe administrativë zbatohet Rregullorja për mënyrën e administrimit të dhuratave të pranuara, menaxhimin e evidencës dhe çështje të tjera të lidhura me dhuratat ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.153/14).

**Член 8**

Вработените не смеат да примаат подароци поврзани со работата. Примањето подарок или корист е дисциплински престап и потешка повреда на службена должност. Вработените се должни да го предупредат дарителот дека не смеат да примат подарок. Ако дарителот инсистира, подарокот се доставува до работодавачот.

**Neni 8**

Të punësuarit nuk duhet të pranojnë dhurata të lidhura me punën. Pranimi i dhuratave ose përfitimeve është shkelje disiplinore dhe shkelje e rëndë e detyrës zyrtare.
Të punësuarit janë të detyruar ta paralajmërojnë dhuruesin se nuk mund të pranojnë dhurata. Nëse dhuruesi insiston, dhurata dorëzohet te punëdhënësi.

**Член 9**

Сите примени подароци, нивната вредност, дарителите и околностите се внесуваат во евиденција.

**Neni 9**

Të gjitha dhuratat e pranuara, vlera e tyre, dhuruesit dhe rrethanat regjistrohen në evidencë.

**Член 10**

Општина Кичево води евиденција за дадени и примени подароци, која содржи:

- Податоци за службеното лице што дало/примило подарок
- Податоци за субјектот што подарил на општината
- Опис и вредност на подарокот
- Повод и датум на подарување/прием
- Во чија сопственост ќе биде подарокот (лична или општинска)
- Датум на прием

Градоначалникот овластува лице за водење евиденција, кое ги внесува податоците истиот ден по приемот на известувањето.

**Член 11**

Подароците што станале општинска сопственост се чуваат во соодветна просторија, музеј, библиотека или друга јавна установа.

**Член 12**

Градоначалникот, избрано или именувано лице и вработен во Општина Кичево не смее да прифати никаква погодност во врска со службата. Ако добие понуда за погодност, веднаш ја одбива и писмено ја известува Државната комисија за спречување на корупцијата.
Овие лица не смеат да прифатат нематеријално добро што вклучува повластен третман, услуги или други предности, лични услуги, покани за спортски и забавни настани со лична корист.

**Член 13**

Постапувањето со гостопримство се темели на разумност и транспарентност. Лицата имаат обврска за примерно и

**Neni 10**

Komuna e Kërçovës mban evidencë për dhurata të dhëna dhe të pranuara, që përmban:

- Të dhëna për zyrtarin që ka dhënë/pranuar dhuratën
- Të dhëna për subjektin që i ka dhuruar komunës
- Përshkrim dhe vlerë të dhuratës
- Arsye dhe datë e dhënies/pranimit
- Në pronësinë e kujt do të jetë dhurata (personale ose komunale)
- Datë pranimi
  Kryetari i komunës autorizon një person për të mbajtur evidencën, i cili fut të dhënat në të njëjtën ditë pas njoftimit.

**Neni 11**

Dhuratat që janë bërë pronë komunale ruhen në ambiente të përshtatshme, muze, bibliotekë ose institucione të tjera publike.

**Neni 12**

Kryetari, personi i zgjedhur ose i emëruar dhe i punësuari në Komunën e Kërçovës nuk duhet të pranojë asnjë përfitim në lidhje me detyrën. Nëse merr një ofertë për përfitim, e refuzon menjëherë dhe e njofton me shkrim Komisionin Shtetëror për Parandalimin e Korrupsionit. Këta persona nuk duhet të pranojnë pasuri jo-materiale që përfshijnë trajtim të privilegjuar, shërbime ose avantazhe të tjera, shërbime personale, ftesa për ngjarje sportive dhe argëtuese me përfitim personal.

**Neni 13**

Trajtimi i mikpritjes bazohet në arsyeshmëri dhe transparencë. Personat kanë detyrë të sillen me

достоинствено однесување, да избегнуваат компромитирање на угледот на општината, судир со етички норми или влијание врз непристрасноста во службата. Треба да внимаваат на личниот и институционалниот углед дури и при прифаќање гостопримство од мала вредност, да проценат дали треба да ја прифатат секоја покана и да ја почитуваат финансиската дисциплина за буџетски средства.
Се спротивставуваат на секој обид за нетранспарентно гостопримство.

shembullsi dhe dinjitet, të shmangin komprometimin e imazhit të komunës, konfliktin me normat etike ose ndikimin mbi paanësinë në detyrë. Duhet të jenë të vetëdijshëm për imazhin personal dhe institucional edhe kur pranojnë mikpritje me vlerë të ulët, të vlerësojnë nëse duhet të pranojnë çdo ftesë dhe të respektojnë disiplinën financiare për fondet buxhetore.
Kundërshtojnë çdo përpjekje për mikpritje jo transparente.

**Член 14**

За сè што не е предвидено со овој Правилник важат одредбите од позитивните законски прописи.

**Neni 14**

Për çdo çështje që nuk parashikohet me këtë rregullore, zbatohen dispozitat e akteve ligjore pozitive.

**Член 15**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето и се објавува во „Службен гласник на Општина Кичево“.

**Neni 15**

Kjo Rregullore hyn në fuqi me datën e miratimit dhe publikohet në "Fletoren zyrtare të Komunës së Kërçovës".

Изработил: / Përgatiti:

Argtim Emini

Контролирал: / Kontrolloi:

Arben Ristemi

Одобрил: / Lejoi:

Анета Настеска / Aneta Nasteska

**Општина Кичево / Komuna e Kërçovës**
**Градоначалник / Kryetar**
**Fatmir Dehari**

КИЧЕВО
KËRÇOVË